07.09.2017г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во Медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, за дебатата на тема „За или против геј бракови“, емитувана на Телевизија „Нова“.**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1, 10, 11, 13.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10***

*„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 11***

*„Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.“*

***Член 13***

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 август 2017 година, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ поднесе жалба за дебатата со наслов „За или против геј бракови“, емитувана на 17 јули 2017 година, на Телевизија „Нова“ (www.tvnova.mk).

Во жалбата се наведува дека на дебатата медиумот фаворизирал ставови кои содржат говор на омраза против лицата со хомосексуална ориентација и дека ги стигматизирал нехетеросексуалците преку изјави кои имаат за цел создавање на ирационален страв од овие лица кај јавноста и поттикнување на вербално и физичко насилство кон нив.

*„Водителката во текот на емисијата во ниту еден момент не се обиде да реагира на искажаните искази. Наместо тоа, водителката дополнително помага во засилувањето на стереотипите кон хомосексуалците во текот на емисијата, бидејќи ги поврзува хомосексуалните бракови со разорувањето на македонското семејство“,* посочува жалителот, забележувајќи дека на дебатата немало претставници од ЛГБТ заедницата, кои би го кажале својот став за темата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија Нова и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Нова“ не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата е **ОСНОВАНА**.

На седницата на 31.08.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведената емисија. Комисијата заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во дебатата. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата, најпрво, утврди дека водителот на емисијата во неколку наврати наметнува сугестивно мислење во однос на темата, кое во себе содржи елементи коиштоможат да поттикнат дискриминација по различна основа (во случајов сексулна). Со тоа, Комисијата најде дека се прекршени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите, во што посебно се издвојуваат следните реченици на водителката:

***„Еве, да не претерам, ќе речам дека ако не 80, 70-ина проценти од македонското население во овие моменти ги има истите/слични ставови, како што ги има д-р Стојановски“.***

***„Јас не ја разбирам различноста. Јас не можам да разберам... За мене е маж и жена да имаат сексуални односи, се' што е останато од тоа, јас не можам да го***

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

***разберам. Сега јас прашувам: како ќе ме натераат со сила, ако јас сум некој човек конзервативен, да го разберам тоа? И зошто потребата да ме натераат да го разберам?"***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија и од кој било друг.

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација,физички недостаток итн.

Во продолжение, членовите на Комисијата заклучија дека водителот на дебатата своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во реченицата:

***„Факт е дека македонското општество сега во овие моменти нема капацитет... едвај ја задржуваме традиционалната форма на семејството, се браниме од се' што го носи Западот, она што велиме, се' што е лошо, што доаѓа од Запад, па сега уште ова..."***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Понатаму, Комисијата утврди дека во дебатата е прекршен и членот 11 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус.

Членовите на Комисијата го разгледаа и делот од жалбата кој се однесува на коментарите на дебатата, објавена на „FACEBOOK" страницата на телевизијата, но утврдија дека согласно Правилникот за работа, не се надлежни за содржини кои произлегуваат од социјалните мрежи. Сепак, Комисијата апелира до медиумите внимателно да ја следат

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

содржината на коментарите и да ги отстрануваат кога тие во себе содржат говор на омраза или повикуваат на насилство од омраза.

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

* Меѓународната статистичка класификација на Светската здравствена организација за болестите и поврзаните здравствени проблеми од 17.05.1990 година, каде што се наведува дека сексуалното определување (хетерорсексуално, хомосексуално и бисексуално) само по себе не е здравствено пореметување.

* Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица“. Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со членот 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот.

* Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој забранува вознемирување како облик на дискриминација врз дискриминаторска основа (во случајов сексуална ориентација).

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува Телевизија Нова (www.tvnova.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595